# С Т А Т У Т

**на Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија**

**(Пречистен текст со измени од 21.04.2021 година)**

## I.О П Ш Т И  О Д Р Е Д Б И

**Член 1**

Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија е невладино, стручно – професионално и хуманитарно здружение на граѓани во кое доброволно се здружуваат специјални едукатори и рехабилитатори, логопеди, специјални(социјални) педагози и други стручни профили кои работат со лицата со попреченост како и самите лица со попреченост, нивните родители или старатели.

**Член 2**

Името на Сојузот е: Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија .

Скратеното име е: Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори.

Името на Сојузот на англиски јазик е: Association of special educators and rehabilitators in Republic of North Macedonia

Седиштето на Сојузот е во Скопје, при Домот на хуманитарните организации "Даре Џамбаз" ул."11 Октомври " бр. 42 а.

**Член 3**

Сојузот има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи името на Сојузот: Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија —Скопје, а во средина се наоѓа амблемот на Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори.

Штембилот е правоаголен со следниот текст: Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија, бр.________20__година, Скопје.

Текстот на печатот и штембилот е на македонски јазик,кирилично писмо.

**Член 4**

Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија има својство на правно лице со права, обврски и одговорности што произлегуваат од Уставот, Законот за здруженија и фондации и од самиот Статут. Дејноста на Сојузот се простира на целата територија на Република Северна Македонија.

За своите обврски Сојузот, покрај другото, одговара и со својот движен и недвижен имот односно со средствата со кои располага.

**Член 5**

Сојузот го застапува и претставува Претседателот на Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија или лице кое ќе го овласти Претседателот на Сојузот.

**Член 6**

Сојузот може да се здружи со хуманитарно здружение на граѓани кое е формирано заради давање на определен вид помош во згрижувањето, социјализацијата, едукацијата и рехабилитациата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија. Статусот и учеството на овие членки се регулира со посебен правилник кој го предлага Претседателството а го усвојува Собранието на Сојузот.

## II ОСНОВНИ НАЧЕЛА

**Член 7**

Работат на Сојузот е јавна. Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на членовите на Сојузот за сите облици на работење, со увид во спроведување на програмските задачи,со поднесување на извештај за работа на органите и телата на Сојузот, извештај за материјално финансиско работење и друго.

За информирање на поширокота јавност се користи печатот, радиото и телевизијата, како и други електронски облици на информирање (официјална web страна, e-mail листа).

**Член 8**

Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија е независна, непартиска и непрофитна организација. Ако во работењето се оствари добивка таа ќе биде употребна за остварување на целите утврдени со Статутот.

**Член 8-а**

Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори во своето работење применува пристап на нулта толеранција на измама и корупција и нулта толеранција за акти на сексуална експлоатација и злоупотреба.

## III.ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

**Член 9**

Целите и задачите на Сојузот се:

- Координација и усогласување на работата на специјалните едукатори и рехабилитатори на територијата на Република Северна Македонија;
- Поттикнување, организирање и активирање на членовите на Сојузот во напорите за афирмација и развој на теорија и практика на специјалната едукација и рехабилитација;
- Заштита на интересите на специјалниот едукатор и рехабилитатор, установата за специјална едукација и рехабилитација и стручниот труд;
- Директно и индиректно помагање на членовите на Сојузот во извршувањето на нивните административни, материјално-финансиски и правно-нормативни обврски;
- Помагање во решавањето на професионалните спорови во општествената практика што се поврзани со интересите на специјалната едукација и рехабилитација и на професијата специјален едукатор и рехабилитатор;
- Директно и индиректно ангажирање низ разни видови на професионализирана практика на планот на хуманизацијата на личноста и општествената положба на лицата со попреченост во нашето општество;
- Ангажирање на планот на заштитата, дополнувањето и осовременувањето на институционалната, општествена и приватна, база за заштита, едукација и рехабилитација на лица со соматски, сензоријални, ментални, комуникативни и бихеивиорални оштетувања, растројства, неспособност и хендикеп;
- Ангажирање на полето на рана интервенција и социјална превенција на попреченоста;
- Обезбедување на услуги од социјалната заштита на лица,семејства и групи на граѓани со попреченост;
- Постојано ангажирање и програмирано работење на планот на дополнувањето, иновирањето и осовременувањето на целокупната легислација на подрачјето на заштитата, едукацијата и рехабилитацијата на лицата со попреченост;

- Ангажирање и постојано помагање на членството на Сојузот во нивната издавачко-публицистичка дејност, особено на планот на печатењето на ученичка литература, практикуми, прирачници и друга стручно-научна литература од областа на специјалната едукација и рехабилитација и подрачните науки;
- Директно и индиректно ангажирање на планот на едукацијата, специјализацијата, усовршувањето и доквалификувањето на специјалните едукатори и рехабилитатори;
- Советување и обука на волонтери;
- Едукација, советување и стручна подготовка на различни стручни профили, поединци и организации;
- Организирање на стручни и научни собири.

Во рамки на своите активности, Сојузот самостојно или преку внатрешни организациони форми, ќе ги врши дејностите:

-85.59- Друго образование, неспоменато на друго место,

-87.90- Останати дејности на социјална заштита со сместување неспоменати на други места,

-87.20- Дејности на социјална заштита и сместување на лица со интелектуална и/или телесна попречност, душевно болни и лица зависници од алкохол, дрога и други опојни средства.

Добивката која ќе биде остварена од вршењето на дејноста од став (2) на овој член ќе биде употребена за остварување на целите утврдени со Статутот на Сојузот.

**Член 10**

Сојузот издава научно-стручно и информативно списание.

Издавањето на списанијата и целокупната издавачко публицистичка дејност се регулира со правилник кој го усвојува Претседателството на Сојузот.

**Член 11**

Заради остварување на своите цели, интереси и активности, Сојузот може да основа внатрешни организациони форми (подружници, ограноци и сл.).

Одлука за основање на внатрешни организациони форми донесува Собранието.

## IV.ЧЛЕНУВАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИЈА

**Член 12**

Членувањето во Сојузот е доброволно. Член на Сојузот може да биде секој граѓанин-државјанин на Република Северна Македонија, како и овластен претставник на Здружение на граѓани, фондација и друг правен субјект во својство на колективен член, кои доброволно ќе пристапат кон Сојузот со давање на писмена изјава.

Бројот на членовите не е ограничен. Во Сојузот може да членуваат сите специјални едукатори и рехабилитатори (олигофренолзи, логопеди, сурдоаудиолози, тифлолози, соматопеди); специјални педагози како и сите активни граѓани кој се посветени на остварување на правата на лицата со попреченост.

**Член 13**

Сојузот за своите индивидуални и колективни членови води регистар на членови и евиденција на членовите на органите, кој се ажурира најмалку еднаш на две години.

Сојузот ја гарантира анонимноста на личните податоци на своите членови кои тоа ќе го побараат.

**Член 14**

Зачленувањето се врши со потпишување на пристапница, односно со издавање на членска книшка,која при исклучување или престанок на членство задолжително се враќа.

**Член 15**

Членовите на Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија имаат права и одговорности согласно со одредбите на овој Статут и позитивните законски одредби.

Членот има права и обврски:

-слободно,активно и креативно да учествува во работата на Сојузот

-да бира и да биде биран во органите и телата на Сојузот

-да дава предлози, сугестии и критични осврти врз работата на Сојузот во целина и на неговите органи и тела.

-да биде информиран за целокупното работење на Сојузот

-рамноправно да учествува во планирањето, програмирањето и валоризирањето на работата на Сојузот.

-да учествува во извршувањето на задачите , остварувањето на целите реализирањето на програмите и спроведувањето на одлуките и заклучоците на органите на Сојузот.

-редовно да си ги извршува своите матријално-финасински обврски кон Сојузот.

-да е член на Комората на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија.

-да ја почитува и задолжително да се придржува до организациската политика и процедурите за работење на Сојузот.

-да го почитува Кодексот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија.

- активно да работи за афирмацијата на специјалната едукација и рехабилитација, стручниот труд, јавната и приватна установа за специјална едукација и рехабилитација и на специјалниот едукатор и рехабилитатор.

-да дава свој придонес во подобрување на условите за воспитание и образование, здравствена заштита, социјална заштита и вработување на лицата со попреченост

-да ги почитува одредбите на овој Статут.

- да ги застапува интересите и ставовите на Сојузот.

**Член 16**

Членовите во Сојузот можат да членуваат во исти и слични асоцијации надвор од земјата, чии статутарни одредби не се во спротивност на Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија.

Заради обезбедување на неопходна евиденција и стекнување на континуиран увид во меѓународната активност на своите членови, при Сојузот како постојано тело постои Комисија за меѓународна комуникација која ја сочинуваат преставници од секциите кои се здружени во меѓународна асоцијација.

**Член 17**

Секој член може доброволно да истапи од Сојузот, за што задолжително поднесува писмено известување.

Членот може да биде исклучен поради нанесување штета на дејноста и угледот на организацијата и поради делување спротивно на Статутот и актите на Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори.

Предлог за исклучување од членството дава институционалниот или Извршниот одбор, а одлука донесува Претседателството на Сојузот. Во случај на жалба дефинитивна одлука донесува Собранието на Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија.

**Член 18**

Основна организациона единица на Сојузот е институционалниот одбор.

Во рамките на Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори функционираат повеќе институционални одбори и тоа:

- одбор на специјални едукатори и рехабилитатори кои работат во воспитно-образовни установи;

- одбор на специјални едукатори и рехабилитатори кои работат во приватни установи и невладини организации;

- одбор на специјални едукатори и рехабилитатори кои работат во социјални установи и детски градинки;

- одбор на специјални едукатори и рехабилитатори кои работат во здравствени установи;

- одбор на логопеди;

- одбор на невработени специјални едукатори и рехабилитатори и студенти;

- одбор на лица со попреченост,

Секоја одбор е претставуван од Претседател. Кандидати за Претседател на одборот предлагаат членовите на одборот а го избира Собранието на Сојузот. Претседателот на одборот е член на Претседателството на Сојузот.

Институционалните одбори можат да формираат стручни секции.

**Член 19**

За поквалитетен пристап до сите членови на Сојузот како помошна организациона единица се воспоставува регионална организираност. Постојат 8 (осум) регионални единици кој се идентични со статистичките региони и општини во Р.Северна Македонија.

Секоја регионална единица ја претставува Претседател кој го избира Собранието на предлог на членовите на регионалната единица или органите на Сојузот.

Претседателот на регионалната единица е член на Претседателството на Сојузот.

Формирањето и работата на регионалните единици се уредува со Правилник кој го усвојува Собранието на предлог на Претседателството.

**Член 20**

Специјалните едукатори и рехабилитатори имаат своја комора, која е интегрален дел на организациската структура на Сојузот.

Комората се формира, организира и работи врз основа на Закон.Организацијата целите задачите и начинот на дејствувањето на Комората на специјалните едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија се регулира со Правилник кој го предлага Претседателството, а го усвојува Собранието на Сојузот.

**Член 21**

При Сојузот постојат и работат постојани и времени комисии.Формирањето, организацијата,целите, задачите и програмите на работа се регулираат со правилник што го усвојува Претседателството на Сојузот.

Постојани комисии се:

-за законодавство и нормативни акти;

-за издавачка дејност;

-за меѓународна и национална комуникација;

## V. ОРГАНИ НА СОЈУЗОТ НА СПЕЦИЈАЛНИ ЕДУКАТОРИ И РЕХАБИЛИТАТОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Член 22**

Органи на Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија се:

1. Собрание
2. Претседателство
3. Претседател
4. Извршен одбор

**Член 23**

**Собрание**

Собранието е највисок орган на Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија.

Собранието го сочинуваат делегати кои ги предлагаат институционалните одбори, според бројот на членови и тоа:

| | |
|---|---|
| -до 5 членови | 1 делегат; |
| -од 5-10 членови | 3 делегати; |
| -од 10-15 членови | 5 делегати; |
| -од 15-20 членови | 7 делегати |
| -од 20-30 членови | 10 делегати |
| -од 30-50 членови | 12 делегати |
| -повеќе од 50 членови | 15 делегати |

Мандатот на делегатите на Собранието трае четири години со право на повторен избор.

По функција делегати на Собранието се членовите на Органите на Сојузот.

**Член 24**

Собранието ги има следните надлежности:

- донесува Статут, деловник за својата работа, програма и други акти;
- донесува Кодекс на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија, односно врши измени и дополнување на Кодексот;
- доделува признанија, повелби, плакети и благодарници за заслужни членови и граѓани;
- одлучува за промена на целите на Сојузот;
- избира и разрешува Претседавач на Собранието
- избира и разрешува Претседател на Сојузот;
- избира и разрешува Претседател и членови на Претседателство;
- разгледува приговори и жалби и по нив донесува конечни одлуки;
- потврдува спогодби помеѓу Сојузот и други правни лица;
- усвојува годишни планови и програми за материјално-финансиско работење;
- усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај;

- доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаи кога користи средства од Буџетот на Република Северна Македонија, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа;
- одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на Сојузот;
- ја следи, проценува, стимулира, насочува и координира работата на институционалните одбори и регионалните единици на Сојузот;
- донесува одлуки за формирање на фондови;
- одлучува за статусните измени на Сојузот;
- донесува одлуки со кој се регулираат односите на Сојузот со неговите здружени членови;
- донесува одлуки за избор на почесни членови на Сојузот;
- донесува одлуки за членство на Сојузот во органите на други асоцијации;
- одлучува за престанок на Сојузот со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на Сојузот;
- врши и други работи во согласност со Статутот и актите на Сојузот.

**Член 25**

Собранието работи на седници. Седница на Собранието свикува Претседателот на Претседателството. Седницата може да биде редовна или вонредна. Редовната седница се одржува секоја година а вонредната по потреба.

Седница на Собранието се свикува и по предлог на Претседателството, Претседателот на Сојузот или 1/3 од вкупниот број членови на Собранието.

Ако Претседателот на Претседателството во рок од 15 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Претседателството или Иницијаторите.

**Член 26**

Полноважни одлуки, ставови и заклучоци Собранието донесува со мнозинство гласови од присутните делегати.

На одлука која ги засега интересите на еден институционален одбор, надлежниот орган на институционалниот одбор може да стави приговор најдоцна 15 дена, писмено, од денот на званичното доставување на одлуката од страна на Извршниот одбор на Сојузот. Во таков случај одлуката се става во мириување и се враќа на повторното разгледување на Собранието.

Член 26-а

Во случај на воена, вонредна или кризна состојба, постоење на здравствен ризик од физичко присуство, како и постоење на итна и неодложна потреба, седница на Собранието може да се одржи и со употреба на информациски и комуникациски технологии (телефон или конференциска врска со употреба на интернет комуникација и софтверски алатки) при што се применуваат следниве одредби за организација и работа на Собранието:

- На предлог на Претседателството на Сојузот се формира организационен одбор – работно претседателство на Собранието составено од претседателот на Сојузот и два члена од кои членовите на Собранието ќе изберат претседавач на Собранието. Работното претседателство го води Собранието со физичко присуство со почитување на официјални протоколи;

- Непосредно пред започнување на седницата, секој член на Собранието од својата електронска пошта или софтверската алатка ќе испрати порака дека е подготвен за седницата;

- До секој член на Собранието, ќе биде испратен линк за седницата преку електронска пошта;

- Гласањето е јавно со тоа што на почетокот на седницата се одредува начинот на неговото спроведување.

**Член 27**

**Претседателство**

Претседателството на Сојузот е управен орган на Сојузот во кој секој член има еднакви права,обврски и одговорности за работењето и развојот на Сојузот во согласност со Статутот.
Претседателството е највисок орган на Сојузот помеѓу две Собранија.

Претседателството го сочинуваат: Претседателот на Претседателството, Претседателите на институционалните одбори и Претседателите на регионалните единици. Во работата на Претседателството учествува и Претседателот на Сојузот, без право на одлучување.

**Член 28**

Претседателството го избира Собранието со мнозинство од вкупниот број на присутни членови на Собранието. Во случај на престанок на функцијата на член на Претседателството или негова неактивност, Претседателството на своја седница избира вршител на должноста до одржување на седница на Собранието.

**Член 29**

Кандидат за член на Претседателството предлагаат институционалните одбори , регионалните единици и органите на Сојузот.

Членовите на Претседателството се членови на Собранието, односно членови на Сојузот.

Мандатот на Претседателот и членовите на Претседателството е четири години со право на повторен избор.

**Член 30**

Претседателството ги има следните надлежности :

- предлага измени и дополнување на Статутот;

-на предлог на Претседателот на Сојузот избира и разрешува членови на Извршниот одбор;

-ги утврдува и спроведува статутарните и програмските задачи на Сојузот, како и одлуките и заклучоците на Собранието

-донесува деловник за својата работа

-донесува годишна програма за работа

-утврдува нацрт на основните насоки за работа и развој на Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори;

-утврдува и донесува политики и процедури за организациско работење;

-утврдува и донесува политики и процедури за спречување на сексуална експлоатација и злоупотреба и постапување по истите;

- разгледува организациски, стручни, научни, професионални и доктринирани прашања, зазема ставови, дава оценки, утврдува свои насоки и превзема или на Собранието му предлага мерки, постапки и активности;

-разгледува предлози и барања на поедини членови на Сојузот;

-разгледува приговори и жалби против свои одлуки, ги преиспитува обжалените одлуки и доколку не ги преправи или укине приговорите, односно жалбите со свои прилози ги препраќа до Собранието како второстепен орган;

-предлага на Собранието доделување на признанија, пофалби, плакети, благодарници идр. на заслужни членови и граѓани;

-иницира и предлага заслужни граѓани и членови за доделување на високи општествени признанија;

-утврдува предлог за прием на почесни членови на Сојузот;

- го следи и контролира материјално-финансиското работење на Сојузот.

- ја следи примената на Статутот и Програмата на Сојузот;

-го следи извршувањето на донесените одлуки, заклучоци и ставови од органите и телата на Сојузот;

-разгледува организациски, финансиски, имотно-правни, професионални, стручни и други прашања што произлегуваат од односите во кој Сојузот стапува со други правни и физички лица;

-иницира и организира стручно-научни собири во земјата;

-разгледува и оценува потреба од учество на меѓународни стручно-научни собири и донесува одлука;

-донесува одлуки за овластување на членовите на Извршниот одбор;

-донесува и потврдува одлуки.

Сите работи Претседателството ги врши во согласност со Статутот на Сојузот, одлуките на Собранието и со Законот, а за својата работа одговара пред Собранието на Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори.

**Член 31**

Претседателството работи и одлучува на седници, кои редовно се одржуваат еднаш на три месеци.

Редовните седници ги свикува и со нив раководи Претседателот на Претседателството.

Предлог за свикување на вонредна седница можат да дадат и минимум пет члена на Претседателството и Претседателот на Сојузот. Претседателот на

Претседателството е должен да свика седница во рок од пет дена од денот кога е поднесено барањето.

Свикувањето на седница се врши со покана со време, место и предлог дневен ред на седницата.

Претседателството може да работи и одлучува доколку на седницата се присутни минимум половина од бројот на членовите. Одлуките се носат со мнозинство гласови.

За работа на седниците се води записник кој се усвојува на наредната седница на Претседателството.

**Член 31-а**

Во случај на воена, вонредна или кризна состојба, постоење на здравствен ризик од физичко присуство, како и постоење на итна и неодложна потреба, седница на Претседателството може да се одржи и со употреба на информациски и комуникациски технологии (телефон или конференциска врска со употреба на интернет комуникација и софтверски алатки) при што се применуваат следниве одредби за организација и работа на седницата:

- Непосредно пред започнување на седницата, секој член на Претседателството од својата електронска пошта или софтверската алатка ќе испрати порака дека е подготвен за седницата;

- До секој член на Претседателството, ќе биде испратен линк за седницата преку електронска пошта;

- Гласањето е јавно и се спроведува на начин што по завршување на секоја точка од дневниот ред, секој од членовите ќе испрати порака преку електронска пошта или директно преку софтверската алатка што ќе се употребува, во која ќе наведе дали гласа ЗА или ПРОТИВ во однос на конкретната одлука.

**Член 32**

**Извршен одбор**

Извршниот одбор е извршен орган на Сојузот.Тој е составен од 6(шест) членови .По функција член на Извршниот одбор е Претседателот на Сојузот кој е и претседател на Извршниот одбор.

Членовите на Извршниот одбор ги избира Претседателството на предлог на Претседателот на Сојузот со мнозинство од присутниот број на членови.

Мандатот на членовите на Извршниот одбор е четири години со право на повторен избор.

**Член 33**

Извршниот одбор ги има следните надлежности:

- ги подготвува седниците на Претседателството и припрема материјали
- управува и одговара за управување со имотот на Сојузот
- изготвува годишен извештај за работа на Сојузот;
- изготвува годишен план и програма за материјално-финансиско работење на Сојузот;
- донесува Правилник за организација на работите и работните задачи и надоместоци на стручната служба на Сојузот
- одлучува за службени патувања во земјата и странство;
- одобрува идеја- дали е во склад со целите и задачите на Сојузот како прв чекор во дефинирање на проектот и барањето потенцијални донатори за негова реализација
- врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Сојузот а кои не се во надлежност на друг орган на Сојузот

**Член 34**

Извршниот одбор работи и одлучува на седници, кои редовно се одржуваат еднаш месечно.

Седниците ги свикува и со нив раководи Претседателот на Сојузот или во негово отсуство еден од членовите на Извршниот одбор.

Извршниот одбор може да работи и одлучува доколку на седницата се присутни половина од вкупниот број на членови.

Одлуките се носат со мнозинство гласови. За работата на седниците се води записник.

**Член 34-а**

Во случај на воена, вонредна или кризна состојба, постоење на здравствен ризик од физичко присуство, како и постоење на итна и неодложна потреба, седница на Извршниот одбор може да се одржи и со употреба на информациски и

комуникациски технологии (телефон или конференциска врска со употреба на интернет комуникација и софтверски алатки) при што се применуваат следниве одредби за организација и работа на седницата:

- Непосредно пред започнување на седницата, секој член на Извршниот одбор од својата електронска пошта или софтверската алатка ќе испрати порака дека е подготвен за седницата;

- До секој член на Извршниот одбор, ќе биде испратен линк за седницата преку електронска пошта;

- Гласањето е јавно и се спроведува на начин што по завршување на секоја точка од дневниот ред, секој од членовите ќе испрати порака преку електронска пошта или директно преку софтверската алатка што ќе се употребува, во која ќе наведе дали гласа ЗА или ПРОТИВ во однос на конкретната одлука.

**Член 35**

**Претседател на Сојузот**

Претседателот е законски застапник на Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија. Тој го претставува Сојузот во односите со трети лица.

**Член 36**

Претседателот го избира Собранието со мнозинство од присутните членови.

Мандатот на Претседателот е четири години со право на повторен избор.

**Член 37**

Претседателот ги има особено следните права, обврски и одговорности:

-Претседателот е полноправен член на Собранието и Извршниот одбор и е одговорен за спроведување на Статутот, одлуките, ставовите и политиките на Сојузот.

- ги закажува и претседава со седниците на Извршниот одбор;

-ги потпишува сите акти кои се донесуваат од Извршниот одбор, Претседателството и Собранието, а е потписник и на сметката на Сојузот;

-одговара за спроведување на одлуките и материјално-финансиското работење пред Претседателството и Собранието;

- ги раководи и ги вреднува програмите и работењето на Сојузот

- ги идентификува, стекнува и раководи со ресурсите

-подготвува годишен буџет

-предлага политики и стратегиски иницијативи до Претседателството

- го промовира Сојузот во заедницата

**Член 38**

Органите и телата на Сојузот работат врз основа на правилници кои ги подготвува Извршниот одбор , ги усвојува Претседателството а ги потврдува Собранието на Сојузот.

Заради остварување на заедничките интереси и обезбедување на ефикасно и рационално планско и програмирано работење органите и телата на Сојузот донесуваат долгорочни и краткоречни планови за работа.

## V.ФИНАНСИРАЊЕ НА СОЈУЗОТ

**Член 39**

Извори на финансирање на Сојузот се:

- членарина, доброволни прилози, донации, завештенија, легати;

-приходи од сопствена дејност;

-донации врз основа на проекти

-дотации и материјални добивки од органи и разни фондации;

- средства од Буџетот на Р. Северна Македонија, буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје;

-други приходи.

**Член 40**

Финансиските средства на Сојузот се употребуваат за остварување на целите определени со овој Статут и Програмата за работа.

Материјално-финансиски наредбодател на Сојузот е Претседателот а во негово отсуство еден од членовите на Извршниот одбор , а врз основа на писмено овластување од Претседателот.

**Член 41**

Стручно-административно техничките работи на Сојузот ги врши платено лице-технички секретар.

Стручно административно-техничко работење се регулира со Правилник кој го предлага Извршниот одбор , а усвојува Претседателството на Сојузот.

## VI.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 42**

Сојузот престанува со работа ако е:

- донесена одлука за престанок на постоење на Сојузот во Согласност со Статутот;

- поминато двојно повеќе време од времето предвидено за одржување на седница на највисокиот орган утврден со Статутот, а таа не е одржана

-во две последователни години не е поднесена завршна сметка во согласност со закон

-ако бројот на членовите на Сојузот се намали под бројот определен за основање;

- донесена одлука на надлежен суд;

Одлука за престанок на Сојузот донесува Собранието со двотретинско мнозинство од членовите на Сојузот.

Претседателот на Сојузот е должен да го извести надлежниот основен суд во рок од 15 дена за околностите од ставот 1 на овој член.

Престанокот на Сојузот го утврдува Основниот суд со решение според правилата на вонпроцесната постапка.

**Член 43**

Измени и дополнување на Статутот се врши по иста постапка како и за неговото донесување.

Иницијатива за измена и дополнување на Статутот може да предложи секој член на Сојузот.

Предлогот го разгледува Претседателството и заедно со своето мислење, го доставува до сите членови на Собранието, петнаесет дена пред одржување на седница на Собранието.

Собранието го донесува Статутот со мнозинство од присутните членови.

**Член 44**

Право на автентично толкување на одредбите од овој Статут врши Собранието, а меѓу две Собранија Претседателството на Сојузот специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија.

**Член 45**

Овој Статут влегува во сила од денот на донесувањето, а со тоа престанува да важи Статутот на Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори од 18.04.2019 година.

21.04.2021 година

Скопје

Сојуз на специјални едукатори и

рехабилитатори на Република Северна Македонија

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Горан Петрушев